# Упатство за пациентот

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребно совет со лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате Трахисан® претпазливо (внимателно) за да Ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на Вашата болест на се подобрат во текот на 10 дена, тогаш мора да појдете на лекар.*

Што содржи ова упатство за употреба?
1.Што претставува Трахисан® и за што се употребува?
2.Што треба да знаете пред да го употребите Трахисан®?
3.Како се употребува Трахисан®?
4.Можни несакани ефекти на Трахисан®?
5.Како се чува Трахисан®?

**Trachisan® - Трахисан® 0,5mg/1.0mg/1.0mg пастили**
Tyrothricin / Lidocain hydrochloride/ Chlorhexidine digluconate

**Активни состојки:**

| | |
|---|---|
| Тиротрицин | 0,5 mg |
| Хлорхексидин диглуконат | 1,0 mg |
| Лидокаин хидрохлорид | 1,0 mg |

**Помошни состојки:** Сорбитол, магнезиум стеарат, арома (масло од ментол)

**Застапник за Р. С. Македонија**
САЛВЕО ДООЕЛ
ул. Васил Горгов бр. 19/2-26
1000 Скопје, Р. Северна Македонија

**Производител**
Engelhard Arzneimittel GmbH & Co KG
Herzbergstrasse 3
61.138 Niederdorfelden,
Германија

**1. Што претставува Трахисан® и за што се употребува?**
Едно пакување Трахисан® содржи 20 пастили.
Пастилите Трахисан® се користат за симптоматско олеснување на болка и воспаленија во усната празнина и грлото, како и при иритации пред и по хируршки интервенции во усната празнина (вадење на заб, хируршко лекување на гингивата,вадење на крајници-тонзили).

Воспаленијата во усната празнина можат да бидат причинети од патогени и други фактори. Симптомите се вцрвенување и зголемена чувствителност на лигавицата, придружено со чувство на горење во областа на устата, отежнато голтање, воспалено грло и засипнат глас.
Комбинацијата од активни супстанции, содржани во пастилите Трахисан®, има антибактериско, антисептично и аналгетично дејство, кое значително ја подобрува состојбата.
Пастилите Трахисан® не содржат шеќер, па заради тоа не претставуваат ризик за развој на кариес.

**2. Што треба да знаете пред да го употребите Трахисан®?**

**Не употребувајте Трахисан®**

- ако сте алергични на активните супстанции или некои од останатите состојки на овој лек (наброени во точка 6)
- при присуство на ранички во усната слузокожа
- при големи свежи рани во усната празнина
- кај деца на возраст под 6 години.

**Предупрепредувања и други мерки на претпазливост:**
Во случај на интолеранција (неподносливост) на фруктоза, смеете да користите Трахисан® само во консултација и по препорака на лекар.
Зборувајте со Вашиот лекар или фармацевт пред да употребите Трахисан®.

**Земање/Употребување на други лекови и Трахисан®**
Досега не се познати несакани реакции, појавени како последица на интеракција со друг лек.
Информирајте го Вашиот лекар или фармацевт, доколку земате, сте земале или планирате да земате други лекови.

**Бременост, доење и плодност**
Досега нема сознанија за штетни ефекти на Трахисан® при употреба за време на бременост и доење. Поради недостатокот на податоци, за време на бременост и доење, овој лек може да се користи единствено по консултација со лекар.
Доколку сте бремена или доите, или сметате дека постои веројатност да сте бремена или планирате бременост, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред употребата на овој лек.

**Влијание врз способност за возење на автомобил или ракување со машини**
Трахисан® пастилите, се препоставува, дека се безбедни и е малку веројатно да покажат влијание врз способноста за возење и работа со машини.

**Трахисан® содржи сорбитол**
Кога се зема согласно препораките за дозирање, секоја доза содржи 691,5 mg сорбитол, што соодветствува на 0,057 лебни единици. Лекот е погоден за употреба кај дијабетичари. Лекот не е соодветен за употреба кај лица со вродена интолеранција на фруктоза. Може да предизвика стомачно дразнење и дијареа.

AGENCIJA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
SHKUP
СКОПЈЕ

Заради намалувањето на чувствителноста на назофаринксот, возможно е неволно минување на содржината од усната празнина во дишните патишта, што налага зголемено внимание при употреба кај пациенти под 12 годишна возраст.
**Предупредување за спортисти**: При употреба на Трахисан® можно е да се јават позитивни наоди при допинг- тест.

**3.Како се употребува Трахисан®?**
Секогаш употребувајте го овој лек точно онака како што е опишано во ова упатство или така како што Ви посочил Вашиот лекар или фармацевт. Доколку не сте сигурни во нешто, обратете му се на Вашиот лекар или фармацевт.

**Возрасни:** една пастила се растопува (лиже) на интервали од два (2) часа, до осум (8) пати на ден.
**Деца над 6 години:** -до 6 пати на ден.
При редовна употреба на лекот симптомите се повлекуваат веќе по неколку дена.

**Продолжување на терапијата**
За да се овозможи траен успех на лекувањето, препорачливо е Трахисан® да се зема уште 2-3 дена, по престанок на симптомите. При недостаток на значително подобрување по 10 дневна употреба, неопходно е да се консултирате со лекар.
Трахисан® не треба да се користи подолго од 2 седмици без консултација со лекар.

**Доколку сте зеле повеќе Трахисан® отколку што е потребно:**
Заради фармаколошките својства на производот не се очекуваат токсични ефекти дури и при случајно земање (проголтување) на поголеми количества на Трахисан®. Лекување од избор при проголтување на поголеми количества е лаважа (испирање) на желудникот.

**Ако сте заборавиле да го употребите Трахисан®**
Не земајте двојна доза, за да надоместите за пропуштената. Наместо тоа продолжете според упатството за употреба.

Ако имате некакви дополнителни прашања, во врска со употребата на овој лек, обратете му се на Вашиот лекар или фармацевт.

**4.Податоци за несаканите дејства на лекот**

Како и сите лекови, овој лек може да предизвика несакани реакции, кои не се случуваат кај секого.
Во ретки случаи може да дојде до алергични реакции на тиротицин.
Трахисан® пастилите воглавно добро се поднесуваат, но, можат да доведат до намалување на чувството за вкус и трпнење на јазикот, кои по правило, исчезнуваат потполно за еден час.
Жолтото до светло кафено обојување на забите, пломбите, протезите и јазикот кое се јавува во ретки случаи при продолжена употреба, може да се отстрани со редовна хигиена на усната празнина. Обојувањето, сепак, спонатано исчезнува и со прекин на употребата на лекот.

SHKUP
СКОПЈЕ

**Известување за несакани реакции**

Доколку добиете некакви несакани реакции од овој лек, информирајте го Вашиот лекар или фармацевт. Ова ги вклучува сите возможни несакани реакции, дури и оние кои не се опишани во ова упатство за употреба. Исто така, за реакцијата може да известите непосредно преку Националниот Систем за пријавување на несакани реакции (видете ги деталите подолу). Со соопштување на несканите реакции може да дадете свој придонес во добивањето на поопширни информации околу безбедноста на овој лек.

Национален Центар за Фармаковигиланца
Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Македонија
http://malmed.gov.mk/пријава-на-несакани-реакции

**5.Чување на Трахисан®**

Трахисан® треба да се чува на место недостапно за деца.
Трахисан® треба да се чува на суво место, на температура под 25$^0$C.
Не го употребувајте овој лек по рокот на употреба, втиснат на надворешната амбалажа.

Не го фрлајте лекот во канализација или во домашниот отпад. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не ги употребувате. На овој начин ќе помогнете во заштитата на животната средина.

**Број и датум на одобрение за промет**: 11-6276/2 од 16.08.2021 година

**Начин на издавање:**
Лекот може да се издава и /или продава без рецепт (БР**)

**Датум на последна ревизија на упатството:**
Април, 2024